ТТК БАНКА АД Скопје Бр.1
Бр. 02-2604/7
02-04-2026

Врз основа на член 490 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 53 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2026 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за определување на износот на дивиденда и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар)

### Член 1

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 89.886.051 денари.

Дивидендата за 2025 година ќе се исплаќа дел во акции, преку издавање емисија на акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите, и дел во пари (на платежни сметки на акционерите), сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина.

Банката, во согласност со важечката регулатива, од бруто-износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и ќе уплати данок на личен доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и ќе уплати данок по задршка, каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2025 година, акционерите ќе бидат известени преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

### Член 2

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 87,00 денари, односно 8,7 % од номиналната вредност на акциите којашто изнесува 1.000 денари и тоа 43 денари бруто - дивиденда во акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите и 44 денари бруто -дивиденда во пари (на платежните сметки на акционерите).

### Член 3

Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 2.4.2026 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2025 година е 31.3.2026 година.

### Член 4

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2025 година е 27.3.2026 година, односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на 31.3.2026 година.

### Член 5

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2025 година е 30.3.2026 година.

**Член 6**

Издадените акции од новата емисија на акционерите ќе им бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собрание на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Исплатата на дивидендата за 2025 година во пари (на платежните сметки на акционерите) ќе се изврши по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност најдоцна до 30.9.2026 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД Скопје 1